Уп. бр. 08-153

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Фингствајдштрасе 10–12, Германија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 24.11.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвотокое ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Фингствајдштрасе 10–12, Германија ќе стекне единствена контрола врз ХАЕМАТО Фарм ГмбХ, Лилиентхалштр со регистрирано седиште на Лилиентхалштр. 3а, D-12529 Шенефелд, Германија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 28.10.2025 година, а дополнето на ден 30.10.2025 година и 06.11.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на

Фингствајдштрасе 10–12, Германија, со кое ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ ќе стекне единствена контрола врз ХАЕМАТО Фарм ГмбХ, Лилиентхалштр со регистрирано седиште на Лилиентхалштр. 3а, D-12529 Шенефелд, Германија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**ФЕНИКС Германија Холдинг ГмбХ** е дел од Групацијата на компании ФЕНИКС ("**Групацијата ФЕНИКС**"), во сопственост на и управувана од крајното матично претпријатие на групацијата – ФЕНИКС Фарма СЕ (*PHOENIX Pharma SE*), со седиште на Фингствајдштрасе 10–12, 68199 Манхајм, Германија. Групацијата ФЕНИКС е активна во трговијата со фармацевтски производи и медицински помагала во 29 земји низ Европа и вработува приближно 49.000 луѓе.

**Групацијата ФЕНИКС** врши дистрибуција на фармацевтски производи во целосниот фармацевтски сектор на трговија на големо, а во некои земји и во трговија на малота на аптеки. Дополнителните деловни области вклучуваат услуги за фармацевтската индустрија и развој и дистрибуција на системи за управување со стока и логистички решенија.

Дејностите на Групацијата ФЕНИКС можат да се поделат на три главни деловни сегменти – трговија на големо, дистрибуција и трговија на мало со лекови и медицински помагала.

-Трговија на големо: Ова е основната дејност на Групацијата ФЕНИКС. Групацијата работи со 209 дистрибутивни центри во 29 европски земји (на 30 септември 2025 година) и снабдува аптеки и здравствени установи со лекови и медицински помагала.

-Трговија на мало: Групацијата управува со околу 3.300 сопствени аптеки во 17 земји со своите фармацевтски брендови BENU, APOTEK 1, Rowlands Pharmacy, Help Net и Lloyds..

-ФЕНИКС Фарма Сервисис (*PHOENIX Pharma Services*) нуди услуги долж целиот синџир на снабдување. Овој концепт „Сè-во-едно“ е сеопфатно портфолио на услуги за производители, аптеки и пациенти.

Групацијата ФЕНИКС има две зависни друштва регистрирани во Северна Македонија:

-**ФЕНИКС Фарма ДООЕЛ**[1] со регистрирано седиште на Јадранска Магистрала 31, Скопје, Бутел, Северна Македонија и приоритетна дејност - трговија на големо со фармацевтски производи;

[1] ФЕНИКС Фарма ДООЕЛ е во процес на продажба на Вега ДОО Ваљево**,** Република Србија**.** Концентрација беше одобрена од Комисијата со Решение: Уп. бр. 08-55, од 03.04. 2025 година.

-**Европа Лек Фарма ДОЕЛ** со регистрирано седиште на Јадранска Магистрала 31, Скопје, Бутел, Северна Македонија и приоритетна дејност - неспецијализирана трговија на големо.

-**ХАЕМАТО Фарм ГмбХ** е е фармацевтска компанија со седиште во Германија. Компанијата работи во областа на фармацевтска трговија на големо и паралелен увоз на лекови во рамките на Европската Унија, со Германија како нејзин главен пазар.

Неговите основни дејности се состојат од набавка на лекови, првенствено лекови на рецепт, спроведување на секундарно пакување и преетикетирање во согласност со GMP стандардите, како и дистрибуција на овие производи до аптеки, болници и други овластени даватели на здравствени услуги во Германија и Австрија. Портфолиото се состои главно од скапи лекови на рецепт кои опфаќаат терапевтски области како што се онкологија, неврологија, дерматологија и ХИВ.

ХАЕМАТО Фарм ГмбХ не е ниту активен, ниту генерира промет во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**